# Библија за деца претставува

# Почеток на тагата на Човекот



Напишана од: Edward Hughes

Илустрирана од: Byron Unger; Lazarus;
Alastair Paterson

Адаптирана од: M. Maillot; Tammy S.

Преведена од: Christian Lingua
www.ChristianLingua.com

Изработена од: Bible for Children
www.M1914.org

©2020 Bible for Children, Inc.
Лиценца: имате право да ја копирате или да ја
печатите оваа приказна, се додека не ја продавате.


БОГ СОЗДАДЕ СЕ!
Кога Бог го создаде првиот човек, Адам, тој живееше во Градината Едем со својата жена, Ева.


Тие беа совршено
среќни почитувајќи
го Бога и уживајќи
во неговото
присуство се додека
еден ден ...



„Ти кажа ли
Бог да не јадеш
од секое дрво?”
змијата ја праша
Ева. „Може да
јадеме од секој
плод освен еден”,
одговори таа.



„Ако јадеме или го допреме тоа овошје, ќе умреме”. „Нема да умрете”, и се потсмеа змијата.



„Ќе станете како Бог”. Ева го посака овошјето од тоа дрво. Таа ја послуша змијата и го изеде овошјето.

Откако Ева не го послуша Бога таа му даде на Адам да јаде од овошјето исто така. Адам требало да каже, „Не! Јас нема да не го



послушам Словото Божјо”.



Кога
Адам
и Ева
грешеја,
двајцата сватија дека се голи.
Шиејќи смоквини лисја си направија опашала, се покрија и скрија во грмушка од присуството на Бога.

Во ладот на прикквечерината Бог дојде во градината. Тој знаеше што направиле Адам и Ева. Адам ја обвини Ева. Ева ја обвини змијата. Бог рече, „Змијата е проколната. Жената со болки ќе раѓа деца”.



„Адам, бидејќи ти грешеше, земјата е проколната со трње и трoскот. Ќе се мачиш и потиш да ја добиеш храната што ќе ја јадеш”.





Бог ги изгони Адам и Ева од прекрасната градина. Бидејќи тие грешеле, беа одделени од живототворниот Бог!


Бог направи огнен меч за да ги задржи надвор. Бог направи облека од кожи за Адам и Ева. Од каде Бог ги зеде кожите?

Со време, Адам и Ева направија семејство. Нивниот прв син, Каин, беше земјоделец. Нивниот втор син, Авел, беше овчар. Еден ден Каин му ...



... однесе на Бога малку зеленчук како подарок.  Авел му го однесе најдоброто од неговите овци како подарок на Бога.  Бог беше задоволен со подарокот на Авел.



Бог не беше задоволен со подарокот на Каин. Каин многу се налутил. Но Бог рече, „Ако правиш што е добро, зарем нема да бидеш прифатен?”



Гневот на Каин не помина. Некое време подоцна во полето тој го нападна Авел – го уби!



Бог му реше на Каин.
„Каде е братот твој, Авел?”
„Не знам”, излажа Каин.
„Зар сум јас чувар на
братот мој?”



Бог го казни Каин така што му ја одзеде способноста за обработка на земја и го направи скитник.



И си отиде Каин од пред лицето на ГОСПОДА. Тој се ожени со ќерката на Адам и Ева. Тие основаа семејство.



Наскоро, внуците и правнуците на Каин го исполнија градот што тој го основаше.



Во меѓувреме, семејството на Адам и Ева брзо раснеше. Во тоа време луѓето живееја многу подолго отколку денес.



Кога се роди нејзиниот син Сет, Ева рече, „Бог ми го даде Сет да го замени Авел”.



Сет беше побожен човек кој живееше 912 години и имаше многу деца.




Во светот, луѓето стануваа се послаби и послаби како што се менуваа генерации една со друга. Конечно, Бог реши да
го уништи човештвото и ...


... сите ѕверови и птици. Бог зажали што го создаде човекот. Но еден човек го задоволи Бога ...


Тој човек беше Ное.
Потомок на Сет, Ное
беше праведен и невин.
Тој чекореше
со Бога.


Тој исто така ги научил трите
сина на послушност кон Бога.
Сега Бог планираше да
го искористи Ное
на многу чуден и
посебен
начин!

# Почеток на тагата на Човекот

## Приказната од Словото Божјо, Библијата,

## се наоѓа во

## Битие 3-6

**„Влезот на Твоето Слово дава светлина."**
**Псалм 119:130**

# Крај

Оваа библиска приказна
ни раскажува за нашиот прекрасен Господ
кој нѐ создал и кој сака вие да Го знаете.

Господ знае дека сме правеле лоши нешта, кои
Тој ги нарекува грев. Казната за грев е смрт,
но Господ толку многу ве сака што го
испратил Својот единствен Син, Исус, да умре
на крст и да биде казнет за вашите гревови.
Потоа Исус оживува и заминува дома во Рајот!
Ако верувате во Исус и побарате од Него да ви
ги прости вашите гревови, Тој ќе го направи
тоа! Тој ќе дојде и ќе живее во вас, и вие
ќе живеете со Него засекогаш.

Ако верувате дека ова е
вистина, кажете му го ова на Господ:
Драг Исус, верувам дека Ти си Бог и стана човекот кој умре за моите гревови и сега Ти повторно живееш. Те молам влези во мојот живот и прости ми ги гревовите, за да можам да имам нов живот сега и еден ден да дојдам да бидам со Тебе засекогаш. Помогни ми да Ти се покорувам и да живеам за Тебе како Твое дете. Амин.

Читај ја Библијата и разговарај
со Бога секој ден!
Јован 3:16